

**Дирекција за тргување и девизен пазар**

## Дневни финансиски вести — 15 Мај 2012

## Издвојуваме:

Прометот на домашниот девизен пазар вчера изнесуваше ЕУР 23,5 млн. Меѓу банките беа истргувани скоро ЕУР 3,5 млн., од кои ЕУР 3 меѓу маркет- мејкерите. Цените на кои се тргуваше беа 61,71 и 61,72, горната граница на тргување со НБРМ.

За денес е закажана аукција на државни записи. Рокот на доспевање на записите се 3, 6 и 12 месеци. Износот што достасува е нешто под 2,4 милијарди денари а понудениот износ на утрешната аукција е 3,25 милијарди денари. Каматните стапки за сите рочности се намалени во просек за 0,10 %.




Извор: НБРМ

За ликвидносни потреби и тргување може да се купуваат/ продаваат веќе издадените државни хартии од вредност на секундарниот пазар.

Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на SB | Продажен принос на SB |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3-Jan-12 | **ДЗ2012/01-182dk** | 4-Jul-12 | 50 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 7-Feb-12 | **ДЗ2012/02-196dk** | 22-Aug-12 | 99 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/08-84dk** | 16-May-12 | 1 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 21-Feb-12 | **ДЗ2012/07-84** | 16-May-12 | 1 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/09-91** | 6-Jun-12 | 22 | 4,20% | - | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/10-91dk** | 6-Jun-12 | 22 | 4,10% | dk | 4,40% | 4.00% |
| 6-Mar-12 | **ДЗ2012/03-182dk** | 5-Sep-12 | 113 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/11-91** | 13-Jun-12 | 29 | 4,20% | - | 4.40% | 4.00% |
| 13-Mar-12 | **ДЗ2012/12-91dk** | 13-Jun-12 | 29 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/13-91** | 4-Jul-12 | 50 | 4,20% | - | 4.40% | 4,00% |
| 3-Apr-12 | **ДЗ2012/14-91dk** | 4-Jul-12 | 50 | 4,10% | dk | 4.40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/15-91** | 18-Jul-12 | 64 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 17-Apr-12 | **ДЗ2012/16-91dk** | 18-Jul-12 | 64 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/17-98** | 8-Aug-12 | 85 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/18-98dk** | 8-Aug-12 | 85 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 30-Apr-12 | **ДЗ2012/04-189dk** | 7-Nov-12 | 176 | 4,10% | dk | 4,40% | 4,00% |
| 8-May-12 | **ДЗ2012/19-91** | 8-Aug-12 | 85 | 4,20% | - | 4,40% | 4,00% |

Референтни каматни стапки

| Валута 16/05 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 9m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Libor USD** | 0.15000 | 0.19010 | 0.23875 | 0.46585 | 0.73090 | 0.89805 | 1.05895 |
| **Libor CHF** | 0.03333 | 0.04500 | 0.07500 | 0.11167 | 0.18667 | 0.26867 | 0.39283 |
| **Euribor** | 0.346 | 0.318 | 0.397 | 0.689 | 0.978 | 1.13 | 1.276 |
| **Skibor** | 2.10 | 3.07 | 4.05 | 4.58 | 5.19 | 5.61 | 6.09 |

Извор: Reuters и НБРМ

Акупунктурата и хипнозата можат да бидат успешни кај лицата кои сакаат да престанат да пушат, покажува една канадската судија, спроведена на Универзитетот Мекгил во Монтреал. Канадскиот тим до ваков заклучок дојде анализирајќи ги резултатите на 14 меѓународни истражувања. Лидерот на студијата Мехди Тахири истакнува дека понатаму како прво средство за одвикнување од пушење го советуваат конвенционалниот третман.




Извор: Danske Bank

Обидите во Грција да се формира влада се ближат кон својот крај. Последна надеж сега претставува предлогот на Грчкиот претседател Карлос Папулјас за формирање на технократска влада. Шансите за оваа иницијатива да успее не се воопшто големи со оглед на фактот дека ќе биде тешко да се формира влада без партијата Сириза. Сириза не е заинтересирана за вакво решение за влада, поради очекувањата дека на повторни избори оваа партија би добила и поголема поддршка од гласачите. Технократска влада би била најдобро решение за еврото. Министрите за финансии на еврозоната на вчерашниот состанок се обидоа да помогнат во напорите за формирање на влада во Грција. Имено Jean-Claude Junker изјави дека доколку Грција формира влада и таа влада е целосно посветена на обврските од договорот за спас на Грција тогаш и еврозоната може да ги омекне некои од таргетите од договорот за спас на Грција. Исто така министрите за финансии на еврозоната ги оценија шпекулациите за излез на Грција од еврозоната како бесмислици и пропаганда. Најголемиот страв на еврозоната не е Грција, туку можноста кризата да ги повлече поголемите европски економии како Италија и Шпанија. Вчера рејтинг агенцијата Moody's ги намали кредитните рејтинзи на 26 италијански банки. Најголемите банки UniCredit и Intesa Sanpaolo беа намалени за само едно ниво од A3 на A2, додека кај некои банки намалувањето беше и за четири нивоа. Од друга страна добри податоци денес стигнаа од најголемата економија во еврозоната Германија. Имено германскиот БДП пораснал за силни 0,5 % во првиот квартал од 2012 после падот од 0,2 % во последните три месеци од 2011. Во текот не денов се очекуваат уште важни економски податоци за земјите од еврозоната.

Денес календарот на податоци за економијата во САД е доста пополнет од податоците за инфлацијата па се до податоците за малопродажбата. Пазарите најверојатно денес би се фокусирале на податоците од малопродажбата, но сепак кога се работи за САД во позадина останува да виси одлуката за тоа дали ќе има нова QE3 програма или не.

Поважни економски индикатори на Г7 земјите за денес

| | | |
|---|---|---|
| 11:00 | DE | ZEW economic sentiment |
| 11:00 | DE | ZEW economic conditions |
| 14:30 | US | CPI index |
| 14:30 | US | Retail sales |

Интервалутни курсеви во 09:30 часот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.2854 | **XAU** | 1557.71 |
| **EURCHF** | 1.2010 | **XAG** | 28.28 |
| **EURAUD** | 1.2855 | **Brent** | 111.48 |
| **EURGBP** | 0.7985 | **Copper** | 7980 |
| **EURJPY** | 102.67 | **Nickel** | 16980 |
| **USDJPY** | 79.87 | **Zink** | 1920 |

Извор: Reuters

Цени и приноси на државни обврзници

| рок / земја | 2 години цена | 2 години принос | 3 години цена | 3 години принос | 5 години цена | 5 години принос | 10 години цена | 10 години принос |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **US** | 99.9688 | 0.266 | 99.64844 | 0.3679 | 100.7188 | 0.7272 | 99.64063 | 1.7894 |
| **В. Британија** | 103.324 | 0.405 | 105.983 | 0.503 | 103.736 | 0.934 | 118.713 | 1.9 |
| **Канада** | 98.97 | 1.285 | 99.051 | 1.358 | 100.12 | 1.473 | 107.2 | 1.956 |
| **Германија** | 100.327 | 0.07 | 106.012 | 0.167 | 99.91 | 0.519 | 102.507 | 1.481 |
| **Франција** | 106.628 | 0.55 | 107.406 | 0.932 | 100.202 | 1.705 | 101.55 | 2.819 |
| **Италија** | 99.5 | 3.303 | 97.537 | 3.941 | 100.225 | 4.75 | 98.03 | 5.838 |
| **Шпанија** | 98.882 | 4.005 | 97.761 | 4.772 | 96.007 | 5.272 | 97.249 | 6.231 |
| **Грција** | - | - | - | - | - | - | 15.755 | 27.645 |
| **Македонија** | | | | | 100.00 | 5.50 | | |

Извор: Reuters

Берзански индекси

| | 9:30h | претходен ден | +/- | 3-Jan-11 | +/- |
|---|---|---|---|---|---|
| DAX | 6451.97 | ↓ | -1.94 | 6075.52 | 6.20 |
| Dow Jones | 12695.35 | ↓ | -0.98 | 12217.56 | 3.76 |
| FTSE | 5465.52 | ↓ | -1.97 | 5572.28 | -1.92 |
| Nikkei 225 | 8884.79 | ↓ | -0.95 | 8455.35 | 5.08 |
| Hang Seng | 19880.01 | ↑ | 0.06 | 18824.3 | 5.61 |
| MBI- 10 | 1944.05 | ↓ | -0.51 | 1975.79 | -1.61 |




Извор: Reuters

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanovska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Стојан Донески тел: 3295- 107; e- mail: stojan.doneski@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.